До: Општина Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 06-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11- | 25 | | |

БАРАЊЕ
за информации

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 01-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

97

Почитувани,

Во интерес на јавноста како што посочивте и секако за информирање на СИТЕ граѓани, Ве молам писмено да ми одговорите на следното Барање:

- Кој е изведувач и надзор на проектот за изведба на кружниот тек кај Ветеринарната станица?
- Која е вредноста на проектот согласно договорот и анексите, доколку има такви?
- Кога е констатирано дека има недостатоци и дали е тоа соодветно евидентирано?
- Ве молам да ми го доставите и Барањето за отстранување на недостатоците кое е испратено до изведувачот, доколку постои такво
- Во кој рок треба да биде направено истото?

Одговорите доставете ги на мојата маил адреса [redacted] во најбрз можен рок.
Исто така согласно позитивните законски прописи и правила, Ве молиме да наведете кој го изработи одговорот на барањето.

Со почит,
[redacted]

Битола, 01.02.2024

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-25/2
06.02.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-25/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Емилија Илиевска

06.02.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 07-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-25/3 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-123/8 од 07.02.2024г.**

**До Одделение за административни и општи работи**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со доставеното барање бр,11-25/2 од 06.02.2024. за пристап до информации од јавен карактер ве известувам дека:

- **Изведувач** на проектната документација „Употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Баталјон Стив Наумов“ (кружен тек) во Битола“ – Општина Битола е **„Јоска Транс Трејд“ ДООЕЛ Демир Хисар**, по договор склучен со Општина Битола 08-409/1 од 07.04.2023.
- **Надзор** на изведбата „Употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Баталјон Стив Наумов“ (кружен тек) во Битола“ – Општина Битола е Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД Скопје по договор склучен со Општина Битола 08-268/1-4/1 од 10.03.2023.

- Вредноста на договорот изнесува **11.797.640,00** денари заведен под број 08-409/1 од 07.04.2023
- Вредноста на Анекс на договорот изнесува **2.294.683,00** денари заведен под бр.08-409/2 од 19.12.2024.
- Во врска со прашањето кога се евидентирани недостатоци и дали тоа е соодветно евидентирано,
    - **Ве известуваме дека на 26.01.2024. доставен е Записник за извршен технички преглед доставен до изведувачот во кој се евидентирани сите недостатоци детално и временски до кога треба да се корегираат.**
    - **Во прилог ви доставуваме ЗАПИСНИК ОД ИЗВРШЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД**
    - **Напомена: Објектот не е завршен. Анексот не е исплатен, се додека не се постапи по записникот од Техничкиот преглед, односно не се отклонат сите недостатоци претходно евидентирани.**

Со почит,

Раководител на одделение: Координатор:

Марјана Спасевска Владимир Јовевски, диа

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 334 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

(29)

ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 26.01.2024
32 | 123 | 29

## ЗАПИСНИК ЗА ИЗВРШЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

Предмет на Технички преглед е градба *" Употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул.„Прилепска„ со ул.„Баталјон Стив Наумов„(кружен тек) во Битола„-Општина Битола*

Техничкиот преглед се изврши на 26.01.2024г.

**Инвеститор:**

Општина Битола

**Изведувач на градбата:**

Јоска транс-трејд дооел Демир Хисар

**Надзор над изградбата на градбата:**

Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД Скопје

Главен надзорен инженер: Ана Мијиќ д.г.и.о.бр.: 2.2133

Надзорен инженер: Љубен Томски д.и.а.о.бр.:1.2008

**Недостатоци кои мора да бидат отстранети**

1.Да се расчисти објектот од губре и градежен шут.

2. Да се корегираат патеките од бехатон

-Пристапни патеки до станбени згради кои се оштетија за време на изведбата на објектот.

-Пред маркет Тинекс кај канделабрата.

3.Да се досредат висините на анкер штафовите од канделабрите.

Овие забелешки да се отстранат во рок од 5 дена.

4.Сите капаци од шахти и сливници да се проверат и да се нивелираат и истите да се остават минимум 15 дена да исушат пред повторно асфалтирање.

5.Да се корегира вториот слој од асфалт секаде каде што има прснатини и оштетување.

Забелешките под бр.4 и 5 да се отстаранат кога ќе има поволни временски услови за да не дојди до повторување на истите.

Присутни на техничкиот преглед:

Главен Надзорен инжењер:

Ана Мијиќ д.г.и.

Број на Овластување 2.2133

А.1. ГРАДЕЖНИШТВО НАДЗОР 2133

Надзорен инжењер:

Љубен Томски д.и.а.

Број на Овластување 1.2008

ЉУБЕН ТОМСКИ дипл.инж.арх. АРХИТЕКТУРА Б.1. НАДЗОР 2008

Претставник од Инвеститорот

Претставник од Изведувачот

КАТЕРИНА ЗДРАВЕСКА дипл.град.инж. ГРАДЕЖНИШТВО Б.2. ИЗВЕДБА 2369

26.01.2024г. Битола

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-25/4
07.02.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **06.02.2024 година**, иматело на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето о[redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 **(Кој е изведувач и надзор на проектот за изведба на кружниот тек кај Ветеринарната станица.) (Детален опис во прилог на Решениео).**

## СЕ УВАЖУВА

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено о[redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**
1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-25/1 од - 06.02.2024
2. Допис до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-25/2 од 06.02.2024 година
3. Одговор од Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-25/3 од 07.02.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 07.02.2024 година, под бр. 11-25/4

**Службенено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап
до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

___________________________

**Евгенија Чукалева**

___________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА